**Пекабеско АД**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ**

**За период Јануари - Јуни 2021 година**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Јуни 2021 оствари позитивен финансиски резултат искажан во неревидираниот единечен Биланс на успех во износ од 54,9 милиони денари и истиот е повисок за 31% во споредба со претходната година.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2021 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Пекабеско АД.

**Вкупни приходи**

Остварените вкупни приходи од работењето во периодот Јануари-Јуни 2021 година изнесуваат 2.179,2 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2020 година бележат зголемување од 1%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од 98,8%, имаат приходите остварени со продажба на готови производи, стоки и услуги кои во споредба со остварените во 2020 година бележат зголемување од 1%. Приходите од извоз изнесуваат 294 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2020 се на исто ниво

**Вкупни расходи**

Остварените вкупни расходи во периодот Јануари-Јуни 2021 година изнесуваат 2.101,1 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2020 година се на исто ниво.

**Инвестиции и отпис на материјални средства**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари-Јуни 2021 година изнесуваат 11,2 милиони денари и кумулативно за 8,5 години од кога е активиран новиот производствен-дистрибутивен погон инвестициите во основни средства достигнаа 592 милиони денари

Во 2021 година не се направени значителни отписи или продажба на материјалните средства

**Обврски по кредити**

Долгорочната задолженост на 30.06.2021 година изнесува 305 милиони денари и во споредба со состојбата од минатата година бележи намалување од 20%.

Краткорочната задолженост на 30.06.2021 година изнесува 148 милиони денари и во споредба со состојбата од минатата година бележи намалување од 43%.

**Нови вработувања**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Јуни 2021 реализираше 27 нови вработувања а 29 вработени го напуштија друштвото. Бројот на вработени на крај од вториот квартал изнесува 451.

**Политика на Дивиденди**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Јуни 2021 нема исплатено дивиденда.

**План и очекување за нареден период**

Исполнувањето на финанскиот план за 2021 е извршен со 42,7% во делот на приходите од продажба и 48,2% во делот на добивката

За наредниот период компанијата очекува приходите од продажба и добивката да бидат во согласност со првичните планираните резултати ако ситуацијата со Ковид 19 во земјата и регионите каде ги извезуваме нашите производи е под контрола